**Известување за концентрација со која Арицома а.с. Чешка ќе стекне контрола над КЦТ Дата с.р.о, Чешка (предмет бр. 08-77/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.04.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Арицома а.с со седиште на Винохрадска 1511/230, 100 00 Прага 10, Република Чешка. ќе стекне целосна контрола над КЦТ Дата с.р.о со седиште на Валчикова 1369/17, Либен 182 00 Прага 8, Република Чешка.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**Арицома а.с**.е холдинг компанија која управува со удели во своите ќерки компании – особено Арицома Системс а.с, (порано со назив Autocont AEC a.s), Сабрис Консалтинг с.р.о и Арицома Ентерпрајс Сабејсекјурити а.с.
Арицома Системс а.с се фокусира на имплементација на проекти на големи претпријатија и големи клиенти, имплементација и поддршка на деловните информациски системи на Microsoft Dynamics и обезбедува ИТ инфраструктура, корпоративни апликации, поддршка за деловни процеси, грижа за корисници и ИТ безбедност.
Сабрис Консалтинг с.р.о се фокусира на САП експертиза, бизнис решенија и поврзани услуги.
Арицома Ентерпрајс Сабејсекјурити а.с. обезбедува безбедносни технологии, безбедносна проценка, услуги за сајбер одбрана и советодавни услуги за GDPR/усогласеност.

Арицома а.с. припаѓа на ККЦГ Групацијата. ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Киншифт ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус ДООЕЛ Скопје со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и
- Друштво за компјутерско образование и развој на иновации Киншифт Академи ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место;

- Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје - со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

**КЦТ Дата с.р.о** е соприоритетна дејност е во секторот за информатички и комуникациски технологии.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантен пазар за предметната концентрација би можел да се дефинира е пазарот на услуги од информатичка технологија („ИТ“) во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

29.04.2024 година
Скопје